
ОПШТИНА
ЧУЧЕР САНДЕВО
ВИСТИНСКИОТ
ИЗБОР
ТВОЈОТ ЧОВЕК! ТВОЕТО МЕСТО! ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!
ВМРО-ДПМНЕ

ВИСТИНСКИОТ

# ИЗБОР

ТВОЈОТ ЧОВЕК! - ТВОЕТО МЕСТО! - ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!

ВМРО-ДПМНЕ

## ОПШТИНА
## ЧУЧЕР САНДЕВО



Драги мои пријатели, соседи, сограѓани,

Секој од нас има своја приказна. Твојата почнува таму каде што чекориш секој ден – по твојата улица, низ твоето маало, во твојот град. Таму се случиле првите радости и првите таги. Таму си ги доживеал првите победи, но и првите порази. Таму си создал пријателства, семејство и спомени. Тоа е местото кое те изградило и кое те држи.

Знам дека не секогаш е лесно. И јас сум имал моменти на дилема – дали вреди? дали ќе успееме? Но секогаш, одговорот го наоѓам во луѓето што ги среќавам секој ден – во работникот што се бори чесно за лебот, во мајката што не се предава за своите деца, во младиот човек што сонува да остане тука, дома.

Оваа прва година како премиер беше година на тежина, но и на надеж. Знам дека чекате повеќе, и искрено ви велам – и јас сакам повеќе. Но најважно е дека патот е отворен. И дека веќе почнавме. Почнавме да ја враќаме довербата во државата и да ни се создава надежта дека иднината може да биде подобра.

Твоето маало, твојата општина, твојот град – тоа не се само зборови. Тоа е твојот дом. И за домот, се бори човек со сè што има.

Затоа овие избори не се само политика. Овие избори се твојата приказна. Тоа е избор за училиштето каде учат твоите деца или внуци. За паркот каде се среќаваш со пријателите. За болницата во која очекуваш грижа. За патот по кој одиш секое утро на работа. За тоа дали ќе продолжиме напред – или ќе дозволиме повторно да нè враќаат назад.

Знам што значи да имаш доверба. И знам што значи народното – „Имам свој човек“. Тоа е оној што ќе ти помогне, ќе заврши работа, ќе биде покрај тебе кога ти е најтешко. Тој човек е твојот градоначалник, кој со труд, посветеност и резултати докажа дека може да се потпреш на него. Тоа е твојот човек. За твоето место, за твојата иднина.

Затоа ти велам со искрена благодарност: -твојот глас е повеќе од политичка одлука. Тој е знак дека не се откажуваме, дека веруваме, дека сакаме подобро. Секој глас е порака – дека сакаме надеж, сакаме правда, сакаме иднина тука, дома.

Драги мои луѓе,

Не ветувам дека ќе биде лесно. Но ветувам дека ќе биде вистински. Со чесност, со работа и со истрајност. Ветувам дека нема да се откажеме!

Времето на Македонија допрва доаѓа. Тоа е времето во кое секој од нас ќе каже: -да, вредеше. Вредеше затоа што имав свој човек. Вредеше затоа што моето место продолжи да расте. Вредеше затоа што имам иднина тука, во мојата земја.

Ве повикувам, замолувам, како ваш сосед, пријател, сограѓанин, излезете на овие избори, со надеж, оптимизам и непоколеблива волја, и бидете силата на промените и иднината и направете го Вистинскиот избор!

Со Твојот човек.

За Твоето место.

За твојата иднина!

Со благодарност и надеж,
Христијан Мицкоски



Почитувани сограѓани,
Почитувани пријатели,

Стојам пред вас со јасна цел – да го понудам моето знаење, мојата енергија и мојата искрена посветеност за Чучер-Сандево. Да не молчам, да не стојам настрана, туку да бидам двигател на промените што сите ги очекуваме.

Јас сум човек од оваа општина. Го знам секое маало, секое сокаче, секоја улица. Чучер-Сандево е мултиетничка општина со Македонци, Срби и Албанци, составена од 14 населени места и 5 викенд населби. Знам каде недостига вода, каде нема осветлување, каде младите си заминуваат.

Верувам дека Чучер-Сандево може повеќе. Може да има чисти улици, функционални училишта, модерни сали и уредени населби. Може да ги задржи младите со работа, спорт и култура. Може да ги почитува постарите со социјална грижа и здравствена заштита. Може да го користи секој денар за јавен интерес – чесно и отчетно.

Оваа програма не е хартија – ова е обврска. Пред себе, пред вас, и пред секој човек што верува дека и нашата општина заслужува развој.

Промените ќе ги постигнеме со добро и рамномерно планирање, со проекти што се темелат на реалните потреби на граѓаните и со чесно, отчетно управување со јавните ресурси. Ќе работиме заедно со Владата и институциите, со дијаспората, со стопанските субјекти, со земјоделците, со младите и со сите жители кои сакаат да бидат дел од напредокот.

Сè што ќе направиме – ќе биде за секое дете кое чекори до своето училиште, за секој млад човек кој сака да остане овде, за секое семејство што има потреба од поддршка и за секој граѓанин што верува дека Чучер-Сандево може и мора да биде достоинствено место за живеење.

За Чучер-Сандево што останува тука – за нас и за нашите деца.

Зоран Бајовски

# КАНДИДАТИ ЗА СОВЕТНИЦИ

1. Ирена Поповска - Носител на листа
2. Димче Тасески
3. Маријан Вујиќ
4. Стефан Комненовиќ
5. Даниела Шишковска
6. Ивица Томашевски
7. Филип Мирчевски
8. Жаклина Јазаџиевска Ѓорѓиев
9. Драги Лулевиќ
10. Теодора Радеска
11. Мартина Велјановска



# ПРИОРИТЕТНИ ПРОЕКТИ ЗА ОПШТИНА ЧУЧЕР САНДЕВО

Како одговорна политичка партија, ВМРО-ДПМНЕ се грижи и ги поддржува сите проекти што се од примарен интерес за граѓаните на територијата на целата општина Чучер-Сандево, особено за проектите кои поради својата огромна финансиска конструкција, локалната заедница не може сама да ги реализира, а се во интерес на поширокиот регионален развој.

### Изградба на канализациона мрежа и прочистителна станица во Кучевишка Бара

- Започнуваме со реализација на најзначајниот еколошки проект во општината – примарна и секундарна канализација со колектор и прочистителна станица за над 1.000 жители. Ова ќе значи почисто село, здрав живот и трајно решение за отпадните води.

### Нови водоводни извори за Бањани, Кучевиште и Побожје

- Снабдувањето со вода е основна потреба. Затоа инвестираме во нови извори и модернизација на мрежата за стабилно водоснабдување во критични населени места, особено во летните месеци.

### Асфалтирање на клучни улици и изградба на мостови на критични локации

- Најоштетените улици низ Бањани, Мирковци, Побожје и Глуво ќе добијат нов асфалт, а таму каде што има ризични премини – ќе изградиме безбедни мостови. Овие интервенции директно го подобруваат секојдневното движење и ја зголемуваат безбедноста на граѓаните.

### Градба на најголем мултифункционален спортски објект во општината

- Изградба на сала од 4.000 $м^2$ што ќе обедини спорт, младински активности и културни настани. Овој објект ќе биде новото срце на Чучер-Сандево.

### Чистење на диви депонии и формирање мобилен комунален тим

- Дивите депонии ќе се отстранат преку масовни акции, но и со формирање на постојан комунален тим кој ќе интервенира брзо и ефикасно – каде и да се појави проблем.

### Бесплатен летен одмор за деца од ранливи категории

- Обезбедуваме седумдневен престој за ученици од семејства со пониски приходи – затоа што секое дете заслужува безгрижно детство и можност за нови искуства.



# А. МОДЕРНА ОПШТИНСКА ИНФРАСТРУКТУРА

Основна задача на локалната самоуправа е да обезбеди сигурна, функционална и достапна инфраструктура во сите населени места. Во Чучер-Сандево инвестираме во патишта, водовод, канализација и јавно осветлување, со јасен фокус: секој граѓанин, без разлика каде живее, да има еднаков пристап до квалитетни услови за живот. Се грижиме урбаниот развој да биде во склад со природата и потребите на жителите, без изговори и без доцнење.

## ➤ Бањани

- Изградба на нов водоводен извор и модернизација на мрежата за стабилно снабдување со вода
- Асфалтирање и санација на улици: Ул. 1 (кон рибник), Ул. 4, Ул. 7 (2,5 км), Ул. 13, Ул. 15А
- Канализациона мрежа на неколку улици
- Уредување на речното корито и изградба на пешачка патека до црквата „Св. Илија"

## ➤ Кучевиште

- Изградба на канализациона мрежа со приклучоци за домаќинства
- Реконструкција на патишта и уредување на речното корито
- Пешачки и спортски патеки во должина од 3 км со осветлување
- Асфалтирање на ул. 1 (Шинковци) и ул. 7 (кон Побожје)

## ➤ Кучевишка Бара

- Рехабилитација на главната улица што ги поврзува со Кучевиште, со тротоари и пешачка патека
- Изградба на подрачно основно училиште (капацитет: 200 ученици), 2026–2027
- Асфалтирање на сите пристапни улици

## ➤ Мирковци

- Канализација, нови тротоари и реконструкција на водоводна мрежа
- Асфалтирање: атар Чардак, ул. 15, ул. 19, делница до пат Мирковци–Бањани
- Изградба на мост преку река Мирковачка
- Обновување на стари чешми и поставување фитнес-зона

## ➤ Побожје

- Изградба на канализациона мрежа: ул. 1 и долж патот Кучевиште-Побожје (950 м)
- Пешачка патека од поштата до стара чешма (200 м)
- Чистење на речно корито и чистење на диви депонии

- Реконструкција на патот Радишани–Побожје
- Обнова на извидничкиот дом во с. Бродец

### Бразда

- Асфалтирање на ул. 1 (600 м) и крак на истата (130 м)
- Канализација за дел преку реката (300 м)
- Изградба на пат до постоечката прочистителна станица и нејзина санација
- Мултифункционален културно-спортски објект (6.000 $м^2$)
- Уредување на пристапни улици, ново осветлување и археолошка туристичка зона

### Глуво

- Асфалтирање: краци од ул. 2, 3, 8, 10; пат од гробишта до Бањански пат; пат од игралиште до чешма
- Канализација: ул. 10 (850 м) и дел од стара чешма (400 м)
- Партерно уредување на излетничкото место кај крстот
- Ново осветлување и поставување фитнес-зона

### Блаце

- Рехабилитација на уличната мрежа
- Активирање и изградба на нови водни извори
- Уредување на јавни површини

### Брест

- Асфалтирање на улици за подобра пристапност и безбедност
- Модерна улична мрежа што ја зголемува атрактивноста на селото

### Танушевци

- Рехабилитација на патишта и изградба на нова основна инфраструктура
- Решавање на проблемот со водоснабдување

### Горњане

- Изградба на канализациона мрежа
- Нови пристапни улици за подобра мобилност и хигиена

### Малино

- Асфалтирање на патишта
- Уредување на јавни површини и подобрување на пристапот до домаќинствата



# Б. ЗЕЛЕНА И ЧИСТА И ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНА ОПШТИНА

Чистата околина и енергетската ефикасност не се луксуз – тие се нужност. Во Чучер-Сандево вложуваме во системски пристап за зачувување на природата, рационално користење на ресурсите и подигнување на еколошката свест. Работиме паралелно на инфраструктура, навики и грижа – за сегашност и иднина без отпад и загадување.

## ➤ Изградба на прочистителна станица и канализација во Побожје

- Решаваме децениски еколошки проблем со изградба на современ систем за отпадни води, кој ги опфаќа сите домаќинства во селото.

## ➤ Чистење и ревитализација на речно корито

- Воспоставуваме контрола врз излевањето на реката со чистење на речното корито и зајакнување на заштитната структура.

## ➤ Отстранување на диви депонии на територија на целата општина

- Лоцираме, расчистуваме и трајно спречуваме создавање на диви депонии – со надзор и соработка со месните заедници.

## ➤ Комунални услуги и заштита

- Ја модернизираме механизацијата на комуналното претпријатие и воспоставуваме јасни месечни рути и јавни извештаи.

## ➤ Противпожарно друштво

- Формирам противпожарно друштво со современа опрема и обучен кадар за интервенции. Противпожарното друштво ќе се унапредува со современа опрема и обуки за брза интервенција, гарантирајќи безбедност на целата заедница.

## ➤ Мапирање и активирање на постоечките противпожарни хидранти

- За секојдневна и итна подготвеност на општината при појава на пожари, хидрантите ќе бидат ставени во функција и јавно обележани.

## ➤ Поставување енергетски ефикасно улично осветлување

- Во повеќе населени места ќе се заменуваат стари светилки со LED системи за поекономично и поефикасно осветлување.

## Изградба на зелени рекреативни зони и фитнес-зони

- Во Бањани, Кучевиште, Глуво и Мирковци ќе се постават фитнес-површини достапни за сите генерации.

## Партерно уредување на излетнички површини

- Просторот околу Крстот во Глуво ќе биде среден во зелен простор за прошетки, одмор и спорт.

# В. ЛОКАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА ЕКОНОМСКИ СИЛНА ОПШТИНА

Чучер-Сандево гради локална економија која останува дома – со поддршка за мали бизниси, земјоделци и млади претприемачи. Ја отвораме општината за инвестиции, го уредуваме просторот за развој на занаетчиство, агро-производство и услужни дејности, и ја задржуваме младата работна сила тука – со конкретна поддршка.

### Воспоставување на Бизнис клуб – заедничка платформа со локални компании и земјоделци

- Овој советодавен орган ќе ги поврзе сите актери од приватниот и јавниот сектор, со цел креирање нови проекти, иницијативи и пристап до финансирање.

### Поддршка за мали бизниси и семејни производни капацитети

- Ќе се обезбедат бесплатни обуки за дигитален маркетинг, пристап до фондови, олеснување на административни постапки и логистичка помош за извоз.

### Општински координатор за земјоделие

- Првпат во општината се воспоставува професионална функција која ќе биде директна врска меѓу земјоделците и институциите, со фокус на субвенции, продажба и преработка на локални производи.

### Планирање и уредување на индустриски зони

- Со подготвена инфраструктура и урбанистички планови, Чучер-Сандево ќе стане атрактивна локација за домашни и странски инвестиции.

### Соработка со развиени општини и преземање на добри практики

- Ќе користиме искуства од успешни општини од земјата и регионот за побрз локален развој и вмрежување.



# Г. ИНВЕСТИРАМЕ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО И ВО МЛАДИТЕ ВО НАШАТА ОПШТИНА

Образованието и младите се срцето на иднината. Затоа инвестираме во енергетска ефикасност на училиштата, безбедни училишни дворови, спортски терени и директна поддршка за ученици и студенти. Образовните установи не се само згради – тие се места каде младите ја градат својата личност, а ние сме тука да им обезбедиме сигурност, простор и можности.

### ➤ Енергетска санација и модернизација на училишните објекти

- Се подобруваат условите во училиштата преку термо-изолација, нови фасади и уреди што штедат енергија. Ова значи поквалитетна настава и пониски трошоци за одржување.

### ➤ Безбедни и уредени училишни дворови и спортски игралишта

- Во дворовите на основните училишта ќе се постави нова урбана опрема, а спортските терени ќе станат достапни и вон наставниот процес – за спорт, дружење и рекреација.

### ➤ Локални стипендии и поддршка за талентирани ученици и спортисти

- Општината ќе обезбеди стипендии за ученици и студенти од социјално ранливи семејства, како и за оние кои постигнуваат исклучителни резултати во образование и спорт.

### ➤ Младински клубови и креативни центри

- Во партнерство со училиштата и невладини организации, ќе отвориме простори за неформално образование, волонтеризам, иницијативи и младински проекти.

### ➤ Училишни лиги и младински програми

- Со поддршка на локални спортски клубови и наставен кадар, ќе се организираат натпревари и настани кои ќе поттикнат здрави навики, фер-плеј и соработка меѓу учениците.

## Бесплатен летен одмор за деца од ранливи категории

- На ученици од сите основни училишта во општината ќе им овозможиме бесплатно летување – затоа што секое дете заслужува шанса за нови доживувања и одмор.

## Довршување на доградба на училишен објект во соработка со МОН

- Доградба на училишен објект ООУ Александар Урдаревски



# Д. ОПШТИНАТА ВО ДИГИТАЛНАТА ЕРА

Дигитализацијата не е иднина – таа е наша сегашност. Преку дигитални платформи, интерактивни алатки и транспарентен увид, воспоставуваме модерен начин на управување кој работи за луѓето.

### Е-платформа за општински услуги

- Воспоставуваме електронски систем преку кој граѓаните ќе можат да поднесуваат барања, следат предмети, добиваат уверенија и известувања – директно од дома, без чекање.

### Интерактивна мапа на сите проекти во општината

- Ќе се изработи интерактивна мапа на проектите, каде што секој ќе може да ги види роковите и планираните активности.

### Јавни онлајн консултации и учество на граѓаните во одлуки

- Ќе воведеме платформа за електронски анкети, коментари и предлози, со што секој граѓанин ќе може активно да влијае врз креирањето на општинските политики.

### Отчетна општина

- Ќе објавуваме редовни месечни извештаи за трошењето на буџетот, статус на проектите и постапките за јавни набавки – достапни за сите.



# Ѓ. ПОДДРШКА НА КУЛТУРНИТЕ НАСТАНИ ВО ОПШТИНАТА

Во Чучер-Сандево ја заживуваме културната сцена преку поддршка на локални друштва, изградба на инфраструктура и организирање манифестации кои ги обединуваат жителите од сите генерации и етнички заедници. Градиме општина со отворена сцена за сите што творат, настапуваат и го носат духот на нашето поднебје.

### Го градиме најголемиот мултифункционален спортски објект во општината

- Сала на површина од 4.000 квадратни метри која обединува спорт, култура и младински активности.

### Ревитализација на извидничкиот дом и постојан културен живот

- Извидничкиот дом повторно ќе биде отворен за јавноста, со редовна програма за млади, културни здруженија и локални иницијативи.

### Финансиска и логистичка поддршка за културни друштва, хорови и ансамбли

- Општината ќе обезбеди буџет и услови за континуирано функционирање на локалните уметнички колективи.

### Организирање на културни манифестации

- Ќе се воспостават годишни настани како „Сандево Фест“, чествувања за Св. Сава и Видовдан, фолклорни фестивали, училишни настани и презентации на културата на збратимени градови.



# Е. ПОДДРШКА И ПРОМОЦИЈА НА ЛОКАЛНИОТ ТУРИЗАМ

Општина Чучер-Сандево има огромен потенцијал за развој на туризмот. Таа е богата со природни убавини, културни традиции и стратешка локација. Со уредување на излетнички места, патеки за планинарење и велосипедизам, како и промоција на локалните производи, ќе привлечеме туристи и ќе создадеме нови економски можности.

- **Ја уредуваме туристичката понуда со излетнички места, викенд-населби и патеки за планинарење и велосипедизам.**
- **Создаваме дигитална мапа со локални атракции, угостителски капацитети и производи.**
- **Организираме „Вкусовите на Скопска Црна Гора“ – фестивал на домашна храна и производи од месо, мед, млеко, сирење, вино, ракија и слатки.**
- **Воспоставуваме „Денови на медот“ и локални гастро-саеми, со што Чучер-Сандево станува препознатлива туристичка и гастрономска дестинација.**
- **Чествување на празниците Св. Сава и Видовдан како дел од традицијата на општината.**



# Ж. ФУНКЦИОНАЛЕН СИСТЕМ ЗА СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Социјалната и здравствената поддршка е основа за достоинствен живот. Во Чучер-Сандево ја зајакнуваме грижата за сите ранливи категории, старите лица, семејствата во ризик и лицата со попреченост. Обезбедуваме практични решенија, достапни услуги и програми што создаваат чувство на заедништво, сигурност и еднаквост.

## Дневен центар за лица со попреченост и семејства во ризик

- Воспоставуваме простор за поддршка, грижа и вклучување во заедницата преку активности и стручна помош.

## Програми за домашна нега на повозрасни лица

- Поддршка за сениори преку посети, нега, и стручни услуги во соработка со здравствени институции и здруженија.

## Превентивни здравствени програми

- Ќе се развиваат и превентивни здравствени програми, со цел секој жител да има пристап до информации и грижа за своето здравје.

## Поддршка за здруженија на лица со инвалидност

- Финансиска и логистичка поддршка за нивните активности, вклученост и достапност до јавните услуги.



# 3. ИНВЕСТИРАМЕ ВО СПОРТОТ ЗА ОПШТИНА СО ЗДРАВИ НАВИКИ

Спортот и здравите навики се битен сегмент од секојдневното живеење и затоа на нив ке обрнеме големо внимание.

## Изградба на фитнес сала во Чучер-Сандево

- Користењето на овој простор ќе биде целосно бесплатен. Ќе биде обезбеден со соодветна опрема и услови за практикување на оваа спортска активност.

## Реконструкција на постоечките спортски терени

- Се обновуваат неколку спортски површини во населените места со цел да се овозможи нивна редовна употреба од страна на младите и спортистите.

## Спортски лиги и програми за млади

- Ќе продолжи поддршката за училишни лиги и аматерски натпреварувања кои ги поттикнуваат здравите навики и заедништвото

ВМРО-ДПМНЕ